**Прилог 1**

До: Агенција за храна и ветеринарство
на Република Северна Македонија

**Барање за добивање на одобрение за ставање во промет на адитиви за храна за животни**

| |
|---|
| 1. Назив на операторот/подносителот на барањето: |
| 2. Адреса на седиште на операторот: |
| 3. Матичен број на правното лице ЕМБС: |
| 4. Даночен број на правното лице: |
| 5. Одговорно лице: |
| Име и презиме: |
| ЕМБГ: |
| 6. Овластено лице за застапување на операторот: |
| Име и презиме: |
| ЕМБГ: |
| Телефон: |
| *е-маил:* |
| 7. Барањето се однесува на*:<br>☐ одобрување за ставање во промет на нов адитив за храна за животни;<br>☐ одобрување за нова употреба на веќе одобрен адитив за храна за животни;<br>☐ промена на одобрението за ставање во промет на адитивот за храна за животни и<br>☐ итно одобрување за ставање во промет на адитив за храна за животни.<br>* Означи ја бараната активност |
| 8. Трговско име на адитивот: |
| 9. Категорија на адитивот: |
| 10. Функционална група на адитивот: |
| 11. Вид и категорија на животни за чија исхрана е наменет адитивот: |

Датум ____________ година М.П. Потпис на одговорно лице

☐ Изјавувам дека се согласувам да се обработуваат моите лични податоци согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.
Запознат сум дека согласноста за обработка на моите лични податоци можам да ја повлечам во секое време бесплатно со писмено барање до Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Прилог 2**

До: Агенција за храна и ветеринарство
на Република Северна Македонија

**Барање за обновување на одобрението за ставање во промет на адитиви за храна за животни**

| |
|---|
| 1. Назив на операторот/подносителот на барањето: |
| 2. Адреса на седиште на операторот: |
| 3. Матичен број на правното лице ЕМБС: |
| 4. Даночен број на правното лице: |
| 5. Одговорно лице: |
| Име и презиме: |
| ЕМБГ: |
| 6. Овластено лице за застапување на операторот: |
| Име и презиме: |
| ЕМБГ: |
| Телефон: |
| *е-маил:* |
| 7. Трговско име на адитивот: |
| 8. Категорија на адитивот: |
| 9. Функционална група на адитивот: |
| 10. Вид и категорија на животни за чија исхрана е наменет адитивот: |

Датум ______________ година М.П. Потпис на одговорно лице

☐ Изјавувам дека се согласувам да се обработуваат моите лични податоци согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.
Запознат сум дека согласноста за обработка на моите лични податоци можам да ја повлечам во секое време бесплатно со писмено барање до Агенцијата за храна и ветеринарство.

Кон барањето за обновување на одобрението за ставање во промет на адитиви за храна за животни ги доставувам следните документи:

- копија од решението за одобрение за ставање во промет на адитиви за храна за животни;
- извештај за резултатите од следењето на ставањето во промет, кога такви услови за следење се предвидени во решението за одобрение за ставање во промет на адитиви за храна за животни;
- информации со кои располагам во врска со оценувањето на безбедноста на адитивот за храната за животни и ризиците од адитивот за храната за животни по здравјето на луѓето и животните или заштита на животната средина и
- предлог за изменување или дополнување на условите од првичното одобрение и условите што се однесуваат на идно следење, доколку е потребно нивно изменување или дополнување.

(*1) Член 46 од Законот за безбедност на храната за животни е усогласен со Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот парламент и на Советот од 22 септември 2003 година за адитиви кои се користат во исхрана на животни (CELEX бр. 32003R1831);
(*2) Правилникот за категориите и функционалните групи на адитивите за храна за животни поблиските услови за декларирање, минималните карактеристики кои треба да се означат како и начинот на опишување на адитивите за храна за животни е усогласен со Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот парламент и на Советот од 22 септември 2003 година за адитиви кои се користат во исхрана на животни (CELEX бр. 32003R1831);
(*3) Член 44 ставови (2) и (3) од Законот за безбедност на храната за животни е усогласен со Регулативата (ЕК) Бр. 1831/2003 на Европскиот парламент и на Советот од 22 септември 2003 година за адитиви кои се користат во исхрана на животни (CELEX бр. 32003R1831);
(*4) Член 68 од Законот за безбедност на храната за животни е усогласен со Регулативата (ЕУ) бр. 1829/2003 на Европскиот парламент и на Советот од 22 септември 2003 година за генетски модифицирана храна и храна за животни.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3515.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за транспорт трговија и услуги ПЕЛИСТЕР-ИНТЕРНАЦИОНАЛ увоз-извоз Битола ДООЕЛ му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ".

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-665/23
25 септември 2023 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**

Друштво за транспорт трговија и услуги ПЕЛИСТЕР-ИНТЕРНАЦИОНАЛ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, со седиште на ул. "Добривое Радосављевиќ" бр. 3, Битола, Република Северна Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:** Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1172-2023

**4. Единствен матичен број:** 6751121

**5. Единствен даночен број:** 4002011526338

**6. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ" на КП бр. 171/1 и 178/1, КО Горно Оризари, Битола.

**7. Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**8. Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**

Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "ПЕЛИСТЕР ИНТЕРНАЦИОНАЛ"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 3.022,63 kW

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 2.400 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2023 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

е) тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:

- TRINA SOLAR, TSM-DE19, 1.795 панели со моќност од 545 Wp,
- TRINA SOLAR, TSM-DE19, 3.718 панели со моќност од 550 Wp,

ж) тип, производител и номинални податоци на инвертор:

- HUAWEI SUN2000-100KTL-M1, 24 инвертори со номинална моќност од 100 kW

з) трафостаница - 10,5 (21)/0.42KV 2x1600 KVA

и) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.638 kWh/m2

к) очекувано годишно производство на електрична енергија: 4.352 MWh.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1) pika 1) nënparagrafi 18 dhe nenit 42 paragrafi (1) pika 2) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19 dhe 236/22) dhe nenit 14 paragrafi (1) pika 2) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 25 shtator 2023, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR DHËNIEN E LICENCËS SË PËRKOHSHME PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Transportit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve PELISTER-INTERNACIONAL import-eksport Manastir SHPKNJP, i jepet licencë e përkohshme